**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-4**
**27.01. 2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-5599/1 од 27.12.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради употреба на јазикот спротивно на член 64 од истиот Закон, од страна на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 4-та седница одржана на 24.01.2020 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-320/5 од 24.01.2020 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а казнива по член 147 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), на 10-ти декември 2019 година, во три наврати емитувана е промотивна најава за играниот филм „Национална безбедност", и тоа: во периодот од 21:05:24 часот до 21:06:33 часот, во периодот од 21:46:13 часот до 21:47:22 часот и во периодот од 23:33:50 часот до 23:34:59 часот, при што преземените делови од филмот содржат говор емитуван изворно на англиски јазик, без превод на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на програмата на која се однесува промотивната најава, период на емитување (почеток и крај) и опис во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-5599/1 од 27.12.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 27 декември 2019 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 10-ти декември 2019 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е пропишано дека радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедницата која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница.

Со надзорот констатирано е дека на телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), на 10-ти декември 2019 година, во три наврати емитувана е промотивна најава за играниот филм „Национална безбедност“, и тоа: во периодот од 21:05:24 часот до 21:06:33 часот, во периодот од 21:46:13 часот до 21:47:22 часот и во периодот од 23:33:50 часот до 23:34:59 часот, при што преземените делови од филмот содржат говор емитуван изворно на англиски јазик, без превод на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на програмата на која се однесува промотивната најава, период на емитување (почеток и крај) и опис во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5599/1 од 27.12.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) на 02.01.2020 година, испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување Уп1 бр.03-4 од 02.01.2020 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-5599/1 од 27.12.2019 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во предвидениот рок, односно на 10.01.2020 година, Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) до Агенцијата достави Писмено Изјаснување арх.бр.14-64/2 од 09.01.2020 година (наш Уп1 бр.03-4 од 10.01.2020 година). Советот на Агенцијата на 4-та седница одржана на 24.01.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено изјаснување при што заклучи на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), во врска со член 64 став 1 од истиот Закон и точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 4-та седница одржана на 24.01.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-320/5 од 24.01.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5599/1 од 27.12.2019 година.

**Доставено до:**

- Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1);
- Директор на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје;
- одговорното лице на програмата во Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), Одговорен уредник;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP
Примено / Pranuar: 27-12-2019

| Орг единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shlesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 10 | 5599 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1)

3. **Период опфатен со надзорот:** 10 декември 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 декември 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија);

   - **Член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%)

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 10 декември 2019 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 10 декември 2019 година, на Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА

РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), во три наврати беше емитувана промотивна најава за играниот филм „Национална безбедност", при што преземените делови од филмот содржеа говор емитуван изворно на англиски јазик, без превод на македонски јазик.

| Наслов | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| **Промотивна најава за играниот филм „Национална безбедност"** | 21:05:24 | 21:06:33 | Во промотивната најава за играниот филм „Национална безбедност" (емитувана три пати во анализираниот ден), преземените делови од филмот содржат говор емитуван изворно на англиски јазик, без превод на македонски јазик. |
| | 21:46:13 | 21:47:22 | |
| | 23:33:50 | 23:34:59 | |

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), на 10 декември 2019 година, во три наврати беше емитувана промотивна најава за играниот филм „Национална безбедност", при што преземените делови од филмот содржат говор емитуван изворно на англиски јазик, без превод на македонски јазик.

**9. Предлог мерка :**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1) и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***